Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 11-2645/1
30.06.2022 год. - viti
Скопје / Shkup



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11 - 2645/1
30.06. 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 57 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) Министерството за информатичко општество и администрација донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за обука за административно управување за 2023 година

**2022 година**
**Скопје**

# В О В Е Д

Годишната програма за обука за административно управување, како една од надлежностите на Министерството за информатичко општество и администрација, се подготвува најдоцна до јуни во тековната година, а се спроведува наредната година. Целта на обуката и испитот за административно управување, е да се зголемат стручноста и ефикасноста на службениците, а посебно на раководните административни службеници, како и да се обезбеди континуирано професионално работење на администрацијата.

Целна група се сите административни службеници заинтересирани за пополнување на работно место од категорија Б, односно раководни административни службеници. Дополнително на горе споменатото, а со цел да се зголеми и мотивацијата кај вработените во администрацијата, за секој службеник од ниво В1, претставува законска обврска да се предвиди оваа обука во индивидуалниот план за стручно усовршување.

Напоменуваме дека иако обуката се состои од четири тематски целини, проследувањето на сите целини интегрално, се смета за целосно завршена обука за Административно управување. Затоа во индивидуалниот план за стручно усовршување, а оттука и во годишниот план за обуки на институцијата, како предвидена обука се наведува со единствениот назив "Административно управување".

Обуката се реализира исклучиво преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS). Министерството за информатичко општество и администрација во координација со институциите, тековно ќе обезбедува непречен пристап до обуката. Имајќи предвид дека воведувањето на СУУ/LMS континуирано ќе се одвива и во наредниот период, Министерството ќе спроведува и соодветни обуки за управување со истиот и регистрација на институциите на државната управа, единиците на локална самоуправа и институциите од јавниот сектор. Со тоа секој вработен во администрацијата ќе поседува корисничко име, односно ќе добие пристап во системот за следење на Е-обуки. Пристапот во Е-учењето се врши преку следната веб локација: http://e-obuki.mioa.gov.mk/ .

За спроведување на обуката за административно управување, корисниците ќе добијат потврда/сертификат за завршена обука која ќе се генерира во електронска форма, веднаш откако службеникот ќе ја заврши обуката, со можност за нејзино печатење.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

| р.б. | Тема на обука | Начин на реализација | Носител на обука | Целна група | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општи прописи од административна област | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 2. | Управување со јавни финансии | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 3. | Управување со проекти | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 4. | Кодекс за административни службеници | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |

Бр. ____________

____________ година

Адмирим Алити

МИНИСТЕР